# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 59 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Одлуката за утврдување потреба од засновање работен однос бр.04-7299/2 од 4 март 2022 година, Народната банка на Република Северна Македонија распишува

**ОГЛАС**
**за вработување на шест извршители во**
**Народната банка на Република Северна Македонија**

1.Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) објавува оглас за вработување на 6 извршители во Дирекцијата за информациска технологија, и тоа:

- 4 извршители на работното место „помлад програмер" во Отсекот за програмирање, на определено време во траење од 2 години;
- 1 извршител на работното место „помлад организатор почетен степен" во Отсекот за ИТ услуги, на определено време во траење од 1 година и
- 1 извршител на работното место „помлад систем инженер" во Отсекот за надзор и сигурност на ИС, на неопределено време.

2.Кандидатите за работните места од точка 1, треба да ги исполнуваат следниве општи услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка: да се државјани на Република Северна Македонија, да се полнолетни, да имаат општа здравствена способност за работното место и да не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

3.Покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка, кандидатите, треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- за работното место „помлад програмер" во Отсекот за програмирање: да имаат завршено факултет од областа на информатичките науки, најмалку 180 ЕКТС кредити (VIБ), со или без работен стаж, да имаат познавање на англиски јазик, работа со компјутер – одлично владеење на Microsoft развојна околина, работа со бази на податоци MS SQL сервер и познавање од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за ова работното место ќе бидат тестирани за нивното познавање на работа со компјутери – одлично владеење на Microsoft развојна околина и работа со бази на податоци MS SQL сервер.

-за работното место „помлад организатор почетен степен" во Отсекот за ИТ услуги: да имаат завршено средно училиште во траење од 4 години (пожелно информатичка насока), со или без работен стаж, да имаат познавање на англиски јазик, работа со компјутери - ITIL, MS Windows оперативни системи, мрежна околина, хардвер (компјутери, принтери, скенери, итн.), апликации за канцелариско работење (MS Office).

Кандидатите за ова работното место ќе бидат тестирани за нивното познавање на англиски јазик, работа со компјутери – MS Windows оперативни системи, мрежна околина, хардвер (компјутери, печатачи, скенери, итн.), апликации за канцелариско работење (MS Office) и ITIL.

-за работното место „помлад систем инженер" во Отсекот за надзор и сигурност на ИС: да имаат завршено факултет од областа на информатичките науки, најмалку 180

ЕКТС кредити (VIБ), со или без работен стаж, да имаат познавање на англиски јазик, работа со компјутер и познавање од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за ова работното место ќе бидат тестирани за нивното познавање на англиски јазик, работа со компјутер – искуство со софтверски лиценци, искуство со набавка во полето на ИТ, следење на договори и ликвидирање на фактури.

4.Кандидатите за работните места од точка 1 потребно е да достават:

- пријава и кратка биографија;
- доказ за државјанство издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија;
- потврда од надлежен орган (Централен регистар на Република Северна Македонија или надлежен суд) која изричито ќе гласи дека на лицето не му е изречена казна, забрана за вршење професија, дејност или должност, не постара од 6 месеци пред денот на поднесувањето на пријавата (други потврди кои нема да гласат согласно наведеното, нема да се прифаќаат);
- кандидатите за работното место помлад програмер треба да достават доказ за познавање на англиски јазик (уверение, потврда, друг документ, или свидетелство од образовна институција како доказ дека се учело англиски јазик);
- диплома или уверение за завршено образование и
- доказ за работен стаж доколку го имаат од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (други потврди од Агенција за вработување нема да се прифаќаат).

Сите докази, потврдата, дипломата или уверението за завршено образование, може да бидат доставени во копија.

5.Работното време, во работната недела за работното место од точка 1 и 3 започнува помеѓу 8,00 и 9,00 часот, а завршува помеѓу 16,00 и 17,00 часот.

Работното време, во работната недела за работното место од точка 2 започнува помеѓу 9,00 и 10,00 часот, а завршува помеѓу 17,00 и 18,00 часот.

6.Во согласност со Колективниот договор на ниво на Народната банка, со кандидатите кои ќе засноваат работен однос на работните места од точка 1 алинеја 1 и 2 на оваа одлука, кои имаат работен стаж и за првпат склучуваат договор за вработување со Народната банка, ќе се склучи договор за вработување на определено време со вршење пробна работа во времетраење од 1 месец, а со кандидатите кои немаат работен стаж, ќе се склучи договор за вработување на определено време со вршење на приправнички стаж во времетраење од најмногу 12 месеци за работното место од точка 1 алинеја 1, односно во времетраење од најмногу 6 месеци за работното место од точка 1 алинеја 2.

Договорот за вработување склучен на определено време, може да се продолжи со анекс кон Договорот, во согласност со одредбите од Законот за работните односи.

Со кандидатот кој ќе заснова работен однос на работното место од точка 1 алинеја 3 на оваа одлука, кој има работен стаж и за првпат склучува договор за вработување со Народната банка, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време со вршење пробна работа во времетраење од 1 месец, а со кандидатот кој нема работен стаж, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време со вршење на приправнички стаж во времетраење од најмногу 12 месеци.

7.Висината на основната (нето) плата за работното место помлад програмер изнесува 44.576,00 денари. За време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 22.733,00 денари, додека за

време на приправничкиот стаж изнесува 70% од основната (нето) плата, односно 31.472,00 денари.

Висината на основната (нето) плата за работното место помлад организатор почетен степен изнесува 19.725,00 денари. За време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 8.449,00 денари, додека за време на приправничкиот стаж изнесува 70% од основната (нето) плата, односно 13.712,00 денари.

Висината на основната (нето) плата за работното место помлад систем инженер изнесува 44.576,00 денари. За време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 22.733,00 денари, додека за време на приправничкиот стаж изнесува 70% од основната (нето) плата, односно 31.472,00 денари.

8.Рокот за доставување на документите изнесува 7 работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот.

9.Изборот на работници кои ќе засноваат работен однос во Народната банка ќе се изврши во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.

10.Ненавремената и непотполната документација нема да биде разгледувана.

11.Пријавата е објавена на интернет страната на Народната банка.

Пријавите со потребната документација да се достават до Архивата на Народната банка на Бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, Скопје.

**Народна банка на Република Северна Македонија**